До Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено е Барање за мислење, со кое од Државната комисија се бара мислење во однос на тоа дали има забрана во ситуација каде во ОСМУ за директор е назначено лицето именувано од страна на градоначалникот на општина Тетово, а истото лице на претходните Локални избори ја прифатил функцијата советник на општина Боговиње.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

**М И С Л Е Њ Е**

Согласно член 44 став (2) и (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:

(2) Функцијата претседател на Републиката, претседател на Владата на Република Македонија, министер, пратеник, **член на совет**, градоначалник, судија, јавен обвинител, јавен правобранител, народен правобранител **и други функции кои ги избира или именува Собранието на Република Македонија**, Владата на Република Македонија или органите на локалната самоуправа **се неспојливи една со друга**."

(4) „**Избрано** или именувано лице **не може истовремено да врши функција на одговорно лице** или член на орган на управување или надзорен орган во јавно претпријатие, **јавна установа** или друго правно лице кое располага со државен капитал."

Имено, согласно цитираните законски одредби, Државната комисија извести дека исто лице не може да ги извршува двете функции во исто време.

Државната комисија извести дека доколку горенаведените функции ги извршува лицето во исто време настанува прекршување на забраните предвидени со член 44 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 105 став 1 алинеја 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „(1) Глоба во износ од 300 до 500

евра во денарска противвредност ќе му се изрече на службено лице во јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал доколку:

- спротивно на членот 44 врши некоја друга функција, должност или дејност што е неспојлива со неговата функција.“

Имајќи го предвид горенаведеното, Државната комисија укажува дека постои неспоивост на функции во горенаведената ситуација, согласно која, именувано лице не може истовремено да врши функција на одговорно лице или член на орган на управување или надзорен орган во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**